ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 21-146/7**

**Дата: 18.07.2011**

**ДО**

**НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА „КОНЗЕРВАТОРСКИ ЦЕНТАР - СКОПЈЕ“- СКОПЈЕ**

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Извршена е ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Национална установа „Конзерваторски центар - Скопје “, Скопје (во натамошниот текст НУ „Конзерваторски центар - Скопје“ ) - сметка на буџет од самофинансирачки активности, за 2010 година.

За годините кои и претходат на годината што е предмет на оваа ревизија, не е вршена ревизија.

Ревизијата изрази мислење со резерва за реалноста и објективноста на финансиските извештаи за годината што е предмет на ревизија, и за прашањата во врска со усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива.

Со ревизијата е констатирано дека неданочните приходи остварени по основ на продажба на влезници, пропаганден материјал и материјали на консигнација не се реални и објективни, евидентираните расходи не се целосно поткрепени со комплетна и веродостојна документација, ангажирани се лица по авторски договори кои немаат статус на автори или вршат континуирани работи кои немаат третман на договор на дело и утврдено е не целосно почитување на постапките за јавни набавки.

Со цел подобрување на состојбата ревизијата препорачува да се донесат политики кои ќе обезбедат задолжување на лицата кои располагаат со влезниците, евидентирање и контрола на паричните средства наплатени во готово, пишани процедури со кои ќе се уреди начинот на плаќање на обврските и признавање на расходите врз основа на веродостојна и комплетна документација. Јавните набавки на материјали и услуги да се вршат согласно Законот за јавни набавки.

## 1. Вовед

1.1 Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страна 8 до 10 заедно со ревизија на усогласеност на НУ „Конзерваторски центар – Скопје“ - сметка на буџет од самофинансирачки активности за 2010 година, кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум, преглед на промени на извори на капиталните средства за 2010 година, и преглед на значајни сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2 Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3 Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на НУ „Конзерваторски центар – Скопје“ за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

1.4 Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

- Ема Петрова - Николовска, директор

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола којашто е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки коишто се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на НУ „Конзерваторски центар – Скопје“ се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1 Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1 е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа: дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки, и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2 Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3 Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања докази коишто ги поткрепуваат износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјални погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовката и објективното презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.4. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 04.04. до 18.04.2011 кај НУ „Конзерваторски центар - Скопје“ од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија на ден 21.04.2011 година.

Не се примени забелешки по Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор број 21-146/3 од 26.05.2011 година.

## 3.1. Финансиски извештаи

### Биланс на состојба

3.1.1. Ревизијата констатира неусогласеност на одделни позиции во финансиските извештаи на НУ „Конзерваторски центар - Скопје“ - сметка на буџетот од самофинансирачки за 2010 година, поради неприменување на сметководственото начело на парично искажување и спроведени несоодветни книжења во деловните книги, што не е во согласност со член 12, 14, 18, и 19 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. Ваквата состојба има за резултат нереално и необјективно прикажување на билансните позиции.

**Препорака**
Одговорниот сметководител на установата да изврши корекција на билансните позиции врз основа на спроведени книжења во деловните книги согласно сметководственото начело на парично искажување.

### Биланс на приходи и расходи

3.1.2. Ревизијата изразува резерва за реалноста и објективноста на неданочните приходи остварени по основ на продажба на влезници, пропаганден материјал и материјали на консигнација поради следните утврдени состојби:

- при издавање на влезниците не се врши задолжување на билетарите по сериски броеви и по ценовни категории на влезници со што е оневозможено потврдувањето на фактичкиот број на искористени влезници;
- пропагандниот материјал се продава по цени предложени од комисијата за попис, без донесен ценовник од Управниот одбор за утврдување на надоместокот за извршената услуга;
- уплатата на дневниот пазар остварен од продажба на влезници, пропаганден материјал и материјали на консигнација се врши врз основа на спецификација по ценовни категории, пропагандниот материјал и материјалите на консигнација без наведување на датата на уплаќање на паричните средства, не се заведува серијата на продадени влезници и не се приложуваат фискални сметки;
- раздолжувањето на билетарите не се врши врз основа на серискиот број на влезниците и дата на уплата во благајната со што не може да се утврди навременоста и целосноста на уплатата на средствата согласно утврдениот рок во договорите;
- Установата нема воспоставено пракса да води книга на дневни финансиски извештаи за регистрирање на прометот преку фискалниот апарат, што не е во согласност со член 11 од Законот за регистрирање на готовинските плаќања;

- лицата задолжени за продажба на влезници, пропаганден материјал и материјали на консигнација се ангажирани преку авторска агенција при што им се дава можност да располагаат со парични средства без да биде утврдена нивната одговорност;
- не е склучен договор за консигнација помеѓу Националната установа и правните лица од каде се земаат материјалите, во кој ќе се определи процентот од продажбата како остварен/потенцијален приход.

Утврдените состојби се резултат на невоспоставени интерни контроли и не се во согласност со одредбите на Законот за јавна внатрешна финансиска контрола, Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници, Законот за облигациони односи, Законот за регистрирање на готовинските плаќања и член 27 став 3 од Статутот на установата. Со ваквото работење се ограничува можноста за потврдување на точноста на наплатените и уплатените средства во готово по сите основи, комплетноста на приходите во финансиските извештаи и законското и наменското користење на истите.

**Препорака**

Одговорните лица на установата да ги преземат следните активности:

- да утврдат и донесат постапки за начинот на задолжување на билетарите со сериски броеви на влезниците, постапување, евидентирање и контрола на паричните средства наплатени во готово по основ на продажба на влезници, пропаганден материјал и материјал на консигнација;
- Управниот одбор да донесе акт (ценовник) со кој ќе ги утврди цените на услугите за продажба на книги и друг вид на пропаганден материјал, и
- Установата да склучи договор за консигнација со правните лица чии материјали се продаваат на продажни места во рамките на објектите – културни споменици.

3.1.3. Ревизијата утврди евидентирани расходи на позицијата Стоки и услуги во износ од 209 илјади денари, кои не се поткрепени со комплетна и веродостојна документација, и тоа за:

- потрошени горива и масла за службени возила, ситен инвентар и други материјали во износ од 46 илјада денари, за кои се подготвени налози за користење, но без обезбедени потребни податоци кои ќе го потврдат патувањето (место, датум, километража, и сл.)
- набавки на средства за хигиена, за кои нема материјално задолжување на лицата кои ги користат, односно доказ за прием со испратница;
- направени поправки и тековно одржување во износ од 163 илјади денари, кои се однесуваат на трошоци за сервисирање на возила и електрична инсталација, набавка на материјали за варосување и занаетчиски работи, кои не се поткрепени со веродостојна документација и без потврден прием на материјалите и извршената услуга.

Ваквиот начин на работење се должи на невоспоставените интерни контроли и немање пишани процедури за движење на документацијата што создава ризик од ненаменско и незаконско користење на средствата и има за ефект

нереално и необјективно прикажување на расходите во финансиските извештаи.

Признавањето на расходи без уредна и комплетна документација не е во согласност со членот 12 од Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници.

**Препорака**

Директорот на НУ да донесе пишани процедури со кои ќе се уреди начинот на обврските и признавање на расходите врз основа на веродостојна и комплетна документација поткрепена со испратници, работни налози или извештаи и да пропише процедури за начинот на користење на возилата.

3.1.4. На ставката Договорни услуги во Билансот на приходи и расходи евидентирани се расходи во вкупен износ од 1.045 илјади денари, и утврдени се состојби кои не се во согласност со законските и подзаконските акти поради следното:

- Исплатени се средства во износ од 38 илјади денари на четири физички лица по пат на склучување на договори за извршување на работи и работни задачи на работните места: хигиеничар, чувар и чувар - билетар за периодот април - јули 2010 година, што не е во согласност со член 22 од Законот за работни односи и член 51 од Законот за буџетите;
- Исплатени се средства во износ од 1.007 илјади денари и тоа: врз основа на авторски договори со физички лица во износ од 452 илјади денари за одржување на хигиена, обезбедување и чување на комплексот „Св. Спас“, сервисирање на парно, молерофарбарски услуги, компјутерска инсталација на антивирусни програми, наплатување на влезници и продавање на пропаганден материјал, и награди на вработените за реализирани вонпрограмски проекти и успешно завршени задачи во износ од 555 илјади денари. Наведените средства се исплатени преку преку Авторско правно биро на РМ што не е во согласност со одредбите на член 3 од Законот за авторското право и сродните права, член 4 од Законот за извршување на буџетот на РМ и член 37-в од Законот за буџетите.

Ангажирањето на лица преку авторска агенција кои немаат статус на автори и вршењето на континуирани работи кои немаат третман на договор на дело, овозможува субјективен пристап при одлучувањето за потреба од нивно ангажирање, ограничување во остварување на правото од работен однос за пензиско и здравствено осигурување, неосновано теретење на трошоците на установата и избегнување на одредбите на Законот за буџетите во делот на обезбедување на потребните согласности од Министерството за финансии.

**Препорака**

Директорот на установата да преземе мерки за утврдување на потребата од дополнителна работна сила на начин утврден согласно позитивната законска регулатива, а наградите на вработените да ги исплатува под услови и во рамки на определени со закон.

## 3.2. Користење на средства согласно законските прописи

### Јавни набавки

3.2.1. Со извршениот увид во евиденциите за спроведените постапки со барање за прибирање на понуди и досиејата од спроведени постапки за јавни набавки, кај дел од избраниот примерок ревизијата утврди проширување на асортиманот на производи за набавка на ситен инвентар и други материјали за одржување на деловниот простор во износ од 89 илјади денари кои не се содржани во склучените договори, што не е во согласност со Законот за јавни набавки.

**Препорака**

Установата да обезбеди целосно почитување на одредбите од Законот за јавни набавки со кои ќе овозможи фер конкуранција, еднаква положба на понудувачите и економичност на набавките.

## 4. Ревизорско мислење

### Вкупни ефекти од наодите

Врз основа на изнесеното во точка 3.1. погоре, кое се однесува на нецелосно применување на буџетското начело на евидентирање, недоволно уверување во точноста на прикажаните приходи од самофинансирачки активности и расходи по основ на договорни услуги поради необезбеден систем на интерни контроли, ревизијата изразува резерва за реалноста и објективноста на финансиските извештаи на НУ „Конзерваторски центар - Скопје“ – сметка на буџет од самофинансирачки активности, за 2010 година.

### Мислење за финансиски извештаи

Според наше мислење, освен за ефектите на прашањата изнесени во точката 3.1. финансиските извештаи ја прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на НУ „Конзерваторски центар - Скопје“ – сметка на буџет од самофинансирачки активности, на ден 31 декември 2010 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката регулатива.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, освен за ефектите на прашањата изнесени во точката 3.1. и 3.2. финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на НУ „Конзерваторски центар - Скопје“ - сметка на буџет од самофинансирачки активности, се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени практики.

Скопје, 13.07.2011 година

Ревизорски тим: Овластен државен ревизор
1. ________________ ________________
2. ________________

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2010 година**

| | | во 000 денари |
|---|---|---|
| **Опис на позицијата** | **2010** | **2009** |
| **Приходи** | | |
| Неданочни приходи | 2.502 | 2.702 |
| Трансфери и донации | 1.000 | 0 |
| **Вкупно приходи** | **3.502** | **2.702** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Стоки и услуги | 1.935 | 830 |
| Тековни трансфери до единиците за локална самоуправа | 917 | 745 |
| **Вкупно тековни расходи** | **2.852** | **1.575** |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 132 | 208 |
| **Вкупно капитални расходи** | **132** | **208** |
| **Вкупно расходи** | **2.984** | **1.783** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | **518** | **919** |
| **Даноци, придонеси и други давачки од вишокот на приходи - добивка пред оданочување** | 11 | 14 |
| **Нето вишок на приходи - добивка по оданочување** | **507** | **905** |
| **Рапоредување на вишокот на приходи - добивката** | | |
| Дел од нето вишокот на приходи за пренос во наредна година | 501 | 905 |
| **Вкупно распоред на вишок на приходи** | **501** | **905** |

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ**

**во 000 денари**

| Опис на позицијата | 2010 | 2009 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 512 | 987 |
| Побарувања | 17 | 128 |
| Побарувања од вработените | 5 | 13 |
| Побарувања од државата и други институции | 6 | 0 |
| Залихи | 5.770 | 6.231 |
| **Вкупно тековни средства** | **6.310** | **7.359** |
| **Вкупна актива** | **6.310** | **7.359** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Обврски за даноци и придонеси од добивката | 0 | 9 |
| Пасивни временски разграничувања | 524 | 1.033 |
| **Вкупно тековни обврски** | **524** | **1.042** |
| **Извори на средства** | | |
| Извори на капитални средства | 5.786 | 6.317 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **5.786** | **6.317** |
| **Вкупна пасива** | **6.310** | **7.359** |

**ПРЕГЛЕД**
**НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2010 ГОДИНА**

| | | | во 000 денари |
|---|---|---|---|
| **О П И С** | **Државен јавен капитал** | **Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност)** | **Вкупно** |
| | | | |
| **Состојба 01.01.2010 година** | **247** | **6.070** | **6.317** |
| | | | |
| **Зголемување по основ на:** | **133** | **917** | **1.050** |
| Набавки | 108 | - | **108** |
| Данок од добивка | 25 | - | **25** |
| Усогласување на залиха ( префрлено од 900) | | 160 | **160** |
| Влезници- разледници( разлика во цена) | | 756 | **756** |
| Вишок по попис | | 1 | **1** |
| **Намалување по основ на:** | **363** | **1.218** | **1.581** |
| Кусок по попис | | 41 | **41** |
| Требовања за пропагандни материјали | | 1.156 | **1.156** |
| Усогласување на приходи | 95 | | **95** |
| Усогласување на залиха на материјали ( префрлено на 901) | 160 | - | **160** |
| Префрлено на сметка 603 (набавки платени од 787) | 108 | - | **108** |
| Издадени материјали по спецификација | - | 15 | **15** |
| Расход на пропагандни материјали по Одлука на УО | - | 6 | **6** |
| **Состојба 31.12.2010 година** | **17** | **5.769** | **5.786** |